HIVE ROOM е партнерски проект на ПроКредит Банка, Quipu и Мастеркард за поддршка на локалната заедница, поттикнување иновации и развој на локални бизниси.

Користењето на co-working просторот во HIVE ROOM е бесплатно. Секој заинтересиран фриленсер или стартап компанија има право да аплицира за користење на просторот, со што фриленсерите имаат право на користење во период од 6 последователни денови од понеделник до сабота, а стартап компаниите во период од две недели (10 работни денови) почнувајќи од понеделник.

Секој фриленсер/стартап е потребно да ја пополни формата за апликација и да посочи денови/датуми за кои е заинтересиран да го користи просторот. Доколку кандидатот е флексибилен за користење на просторот во било кое време, потребно е во полето за период да назначи “отворен датум”.

Изборот на фриленсери и стартап компании ќе се прави по случаен избор од страна на организаторите. Избраните кандидати ќе бидат контактирани од одговорните лица на приложениот телефонски број најдоцна 3 дена пред почеток на периодот на користење на просторот и ќе добијат потврда на меил.

Просторот располага со 6 работни позиции. На денот на почеток на користење на просторот, избраните кандидати е потребно да потпишат Договор со кој се согласуваат на совесно користење на просторот. Работното време на Hive Room е понеделник до петок од 09:00 – 22:00 часот и сабота од 12:00 – 22:00 часот.